АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20 и 77/21), се доставува

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ
МЕДИУМСКИ УСЛУГИ - СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Se Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO
DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: | 19-10-2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 03 | 3880 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** вонреден

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво РАДИО ЛА КОСТА ДООЕЛ Виница

3. **Датум на извршување на надзорот:** 18 октомври 2022 година

4. **Предмет на надзорот:** Член 9 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (бр. 01-5774/1 од 21.11.2014 година, изменет на 08.05.2015 година), според кој *„Бројот и структурата на вработените лица за радио на локално ниво, треба да биде 3 (три), од кои 2 (две) со висока стручна спрема (ВСС), вработени како новинари“.*

5. **Претходно изречена мерка:** /

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека ТРД РАДИО ЛА КОСТА ДООЕЛ Виница гиисполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

   Образложение: При увид во податоците за структурата на вработените во ТРД РАДИО ЛА КОСТА ДООЕЛ Виница во 2021 година, Агенцијата констатираше дека на 31.12.2021 година, вкупниот број на вработени во радиостаницата изнесувал четири лица, од кои ниту едно лице не било ангажирано како новинар со висока стручна спрема. Поради тоа, на 06.10.2022 година Агенцијата со писмен допис (наш бр. 03-3725/1) побара од радиодифузерот, во рок од седум дена од денот на приемот на дописот, да достави документи од коишто ќе може да се констатира дека ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот.

   Од документите што радиодифузерот ги достави во Агенцијата на 18-ти октомври 2022 година (три договори за дело склучени помеѓу радиодифузерот и три физички лица) е видно дека во радиостаницата се вработени вкупно три лица, од кои две со висока стручна спрема, ангажирани како новинари.

***Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права***